Извештај од извршената самоеваулација

Име на училиште: СОУ „Ѓорче Петров“

Вид на училиштето: Средно општинско училиште

Адреса,општина, место: ул. Октомвриска 2ж Прилеп

Директор на училиштето: Петра Лукароска

Телефон 048 426 772

е-маил gpetrovpp@t.mk

sougorcepetrov@gmail.com

web: https://gorcepetrov.mk/

Наставен јазик: македонски јазик

Период за самоевалуација: 2020 – 2022 година

РЕЗИМЕ ОД ИЗВРШЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА

Врз основа на член 29-а став 4 од Законот за средното образование ("Службен весник на Република Македонија" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12 и 24/13) Комисијата за изготвување самоевалуација на работата на СОУ „Ѓорче Петров“ Прилеп, за периодот од 2020 година до 2022 год, изврши С

амоевалуација на работата во училиштето.За секое подречје беа формирани тимови. Секој тим за своето подрачје изврши проверка на потребната документација за секој индикатор одделно. Се спроведе електронска анонимна анкета со учениците,

наставниците и родителите во просек една третина од вкупниот број на ученици и родители. Одговорните на подрачјата и нивните членови направија увид во целокупната документација која е именувана како извор на информации. Направени се интервјуа со директорот, стручната служба, претседателот на Училишен одбор и други инволвирани субјекти од значење во процесот на самоевалуација.

Комисијата во состав од три членови, психологот на училиштето и двајца наставници, сите добиени податоци ги анализираше и врз нивна основа го донесе следниот извештај. За изготвување на Самоевалуацијата беа користени насоките од Законот за средно образование и Индикаторите за квалитетот на работата на училиштето изготвени од МОН и ДПИ. Целта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврт на сите области на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките но и слаби страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување. Секако дека воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници (директни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес.

Самоевалуацијата ги издвојува и приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и воннаставни активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е намалување на слабите страни, а одржување на јаките, издвојувајќи ги предложените слаби и јаки страни, односно ги предложува приоритетите наведени подолу во текстот. Според целосно извршената самоевалуација, Комисијата ја разгледа целокупната состојба и работа во училиштето, по следните подрачја:

Подрачје 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

Подрачје 2. ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

Подрачје 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

Подрачје 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

Подрачје 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

Подрачје 6. РЕСУСРИ

Подрачје 7. УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

Подрачје 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

ЈАКИ СТРАНИ	- Применувани и реализирани наставни планови и програми; - Интегрираност на теоретските и практичните содржини; - Вклучување на учениците во воннаставните активности според своите афинитети. -Учениците заедно со своите родители, слободно и со своите афинитети избираат кој изборен предмет ќе го изучуваат.
СЛАБИ СТРАНИ	- Немање кабинетска настава и нагледни средства за работа; - Материјална ограниченост за реализација на дел од задолжителната практична настава;

ПРЕПОРАКИ ЗА ИДНИ АКТИВНОСТИ
- Поголема и рамномерна застапеност на наставниот кадар на соодветни обуки, семинари, работилници и сл.; - Обезбедување современи нагледни средства; - Обезбедување материјални средства за изведување на содржини од практичната настава; - Зголемување на соработката со бизнис секторот во ЛЗ;

Подрачје 2. ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

ЈАКИ СТРАНИ	• систематско следење и оценување на постигањата на учениците; • разновидност на форми за вреднување на постигањата на учениците; • подготвеност на наставниците да им помогнат на учениците со потешкотии во учењето; • примена на различни постапки за индивидуално поттикнување на залагањата на учениците; • информираност на учениците за критериумите и стандардите за оценување на нивните постигнувања; • корелацијата на наставните предмети е на завидно ниво;

	• можност на учениците да напредуваат; • можност на учениците да учествуваат на натпревари; • изборот на ученици за додатна настава;
СЛАБИ СТРАНИ	• недоволна вклученост на учениците во процесот на оценување; • недоволна подготвеност на учениците за вклучување во работниот процес. • нередовност во наставата

ПРЕПОРАКИ ЗА ИДНИ АКТИВНОСТИ

- подобрување на условите во училиштето за работа со надарени ученици;
- изборот на учениците за додатна настава да се врши според нивните желби;
- поголемо внимание да се посвети на практичната настава за да можат учениците полесно и побрзо да се снајдат во професионалниот живот;
- подобрување на редовноста на учениците

Подрачје бр. 3: УЧЕЊЕ И НАСТАВА

РЕЗУЛТАТИ	
ЈАКИ СТРАНИ	• Применувани и реализирани наставни планови и програми; • Стручен и соодветен наставен кадар за реализација на наставните планови и програми; • Интегрираност на теоретските и содржините за практична настава и вежби по стручните предмети; • Вклучување на учениците во воннаставните активности според своите афинитети; • Редовна информираност на родителите за напредокот на своите деца; • Прилагоденост на наставата според можностите на учениците;
СЛАБИ СТРАНИ	• Непостоење на кабинети/работилници за реализација на пракса во некои сектори (струки); • Недоволно опременост на кабинетите за практична настава; • Недоволен број на претпријатија и институции во локалната средина, кои би овозможиле подобра и поуспешна реализација на практичното усовршување и реализација на вежбите на учениците од различните сектори и квалификации • Поголема соработка на родителите со наставниците; • Родителите не соработуваат доволно за напредокот во учењето на своето дете

ПРЕПОРАКИ ЗА ИДНИ АКТИВНОСТИ

- Постојано следење на новите форми и методи за изведување на наставниот процес (следење на семинари, обуки и конференции);
- Барање на алтернативи (грантови, финансиска помош) заради создавање просторни и материјални услови за реализација на пракса во сите сектори /струки
- Опремување на училниците со смарт табли и други нагледни средства;
- Континуирано користење на moodle платформи за организирање на учење на далечина (онлајн настава).
- Континуирано следење и соработка со бизнис секторот во локалната средина, кој е во интерес на потребите за реализацијата на практичното усовршување на учениците.
- Поголема соработка и размена на искуства со соодветни стручни училишта во регионот, државата и пошироко

Подрачје 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

РЕЗУЛТАТИ	
ЈАКИ СТРАНИ	• Училишниот простор е безбеден за изведување настава; • Постои соработка помеѓу раководниот кадар, стручната служба и класните и предметните наставници; • Во училиштето има обучен кадар за давање прва помош на учениците при несреќни случаи; • Се организираат хуманитарни акции за помош на социјално загрозени ученици; • Наставниците и педагошко-психолошката служба водат евиденција за напредокот на учениците, нивната редовност и поведение којашто, по потреба, е достапна за наставниците, родителите и учениците. Евиденцијата се користи и за подобрување на наставата; • Постои соработка со институциите: Центар за социјални работи - Прилеп, Центар за јавно здравје - Прилеп, Општа болница „Борка Талески“ - Прилеп, Здраствен дом – Прилеп, МВР -Прилеп и др.; • Педагогот и психологот имаат програмски активности кои се одвиваат континуирано и координирано низ целокупниот воспитно-образовен процес, а една таква активност е и професионалната ориентација на учениците; • Личните податоци на учениците се заштитени и строго доверливи; • Наставниците ги поддржуваат учениците за работа со ИКТ алатки со што имаат голема помош во редовната и во онлајн наставата; • Во рамките на училиштето има пропишани процедури за грижа на учениците кои поради хронични заболувања или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од настава; • Педагошко-психолошка служба им даваат помош на учениците при емоционални, семејни и социјални проблеми, проблеми поврзани со булинг, со класично и сајбер насилство

СЛАБИ СТРАНИ	• Совеста на учениците за одржување на хигиената во училниците, училишните ходници и санитарните јазли, како и за начинот на нивна употреба не е на доволно високо ниво

ПРЕПОРАКИ ЗА ИДНИ АКТИВНОСТИ

- Да се посвети поголемо внимание на хигиената во училиштето - училишниот двор, училниците и ходниците
- Да се преземат мерки за поголема безбедност во поглед на достапност на алкохол и наркотици во близина на училиштето
- Учениците од сите струки при изведувањето на практичната работа задолжително да носат заштитна опрема
- Да се посвети повеќе внимание на подигнување на здраствената култура и хигиената на учениците преку организирање на различни советувања и други активности

Подрачје 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

РЕЗУЛТАТИ	
ЈАКИ СТРАНИ	• Добар углед и имиџ на училиштето • Правичен и еднаков третман на учениците без разлика на пол, етничка, верска и социјална припадност • Почитување на личноста на учениците • Училиштето е здрава, сигурна и безбедна средина • Добра информираност на учениците за нивните права и обврски • Стручен и квалификуван наставен кадар и ангажирана стручна педагошко-психолошка служба • Солидна афирмација од локално до меѓународно ниво преку учество во проекти • Позитивно влијание на учеството во проектите врз оформување на личноста на учениците • Одлична , континуирана соработка со локалната, деловната , општествената заедница и невладиниот сектор • Добри услови за професионален развој на наставниците • Соработка во колективот

СЛАБИ СТРАНИ	• Реализација на заеднички активности • Недоволна информираност и вклученост на родителите во донесување на одлуки • Недоволна поддршка на ученици со потешкотии заради неедуцираност за работа со такви ученици • Незадоволително почитување на кодексот на однесување и куќниот ред од страна на учениците

ПРЕПОРАКИ ЗА ИДНИ АКТИВНОСТИ

- Подобра комуникација и соработка со родителите и нивна поголема ангажираност во донесувањето на одлуки
- Едукација на наставниот кадар за работа со ученици со потешкотии во учењето
- Понатамошна работа на проекти заради нивното позитивно влијание врз учениците и наставниците
- Зголемено промовирање и континуирано ажурирање на официајлната веб страна на училиштето
- Развивање, обука и примена на методи и техники кои ќе го стимулираат интересот на учениците во текот на часовите
- Континуирана промоција на кодексот на однесување и куќниот ред пред учениците

Подрачје 6. РЕСУРСИ

РЕЗУЛТАТИ	
ЈАКИ СТРАНИ	• Во училиштето функционира стручната служба; • Функционални просторни услови; • Наставниците следат стручна литература; • Обновен е дел од училишниот инвентар; • Наставниците ги посетуваат семинарите и обуките кои им се понудени; • Наставниот кадар има ажурирани портфолија за професионален развој.

СЛАБИ СТРАНИ	• Недоволно современи нагледни средства; • Недоволен број училници; • Наставниците не се доволно обучени за работа со потешкотии во учењето; • Нема семинари за обука на наставниците; • Нема доволен број интерактивни табли; • Нема обезбедување во училиштето. • Нема книги за наставниот процес • Нема наставни средства за изведување на практичната работа • Голем дел од класните раководители не ги пријавуваат учениците во педагошко-психолошката служба, со проблеми или не ги идентификуваат
ПРЕПОРАКИ ЗА ИДНИ АКТИВНОСТИ	
• Замена на постоечките табли во училниците со нови, како и набавка на поголем број интерактивни табли во училиштето; • Обука на наставниците за работа со талентирани ученици; • Обука на наставници за работа со ученици со потешкотии во учењето; • Поголема ангажираност на класните раководители со учениците со проблеми, пријавување на истите во педагошко-психолошката служба	

Подрачје 7. УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

РЕЗУЛТАТИ	
ЈАКИ СТРАНИ	- Развојни стратегии за унапредување на работата; - Координирана соработка помеѓу УО и директорот; - Координирана соработка помеѓу директорот, стручната служба и наставниците; - Се почитува иницијативноста и креативноста на учениците; - Реконструкцијата на училиштето.
	- Потреба од поинтензивна соработка и партнерство при реализирање на програмата со други

СЛАБИ СТРАНИ	училишта, локалната власт и невладините организации; - Нема доволно материјали за работа за изведување практична настава по одредени струки; -Обезбедување во училиштето; - Подобрување на соработката со родителите.
ПРЕПОРАКИ ЗА ИДНИ АКТИВНОСТИ	
- Санирање и опремување на кабинетот за изведување на практична настава за дрвопреработувачката струка; - Изградба на санитарните јазли во комплексот за практична настава на фризерите, физиотерапевтските техничари и фармацевтите.	

Училишна комисија во состав:

Лидија Алекоска- психолог

Емилија Ѓорѓиева Велкоски-наставник

Жанета Видеска-наставник